**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-162/6**

**Скопје, 12.08.2009 година**

**До**
**Основен суд Гевгелија - Гевгелија**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Гевгелија - Гевгелија – сметка приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Основен суд) за 2008 година кои се прикажани на страните од 3 до 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Основен суд Гевгелија - Гевгелија за 2004 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Марица Аврамчева Зафирова - Претседател на Основен суд Гевгелија од 22.02.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија на ден 30.06.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика .

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Гевгелија - Гевгелија – сметка приходи наплатени од органи под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Основен суд Гевгелија - Гевгелија - сметка приходи наплатени од органи остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 10.08.2009 година

**Основен суд Гевгелија - Гевгелија**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | - | 1,927 |
| Трансфери и донации | 106 | 207 |
| **Вкупно приходи** | **106** | **2,134** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 97 | 2,028 |
| **Вкупно тековни расходи** | **97** | **2,028** |
| **Вкупно расходи** | **97** | **2,028** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **9** | **106** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**Основен суд Гевгелија - Гевгелија**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 31 | 106 |
| Побарувања од вработените | 20 | 41 |
| **Вкупно тековни средства** | **51** | **147** |
| **Вкупна актива** | **51** | **147** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Финансиски и пресметковни односи | 21 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 30 | 147 |
| **Вкупно тековни обврски** | **51** | **147** |
| **Вкупна пасива** | **51** | **147** |